ЈКП КОМУНАЛЕЦ
Арх.бр.**03-541**
13.04.2021г.
Прилеп

Јавно комунално претпријатие

**ЈКП КОМУНАЛЕЦ-ПРИЛЕП**

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРВО ТРОМЕСЕЧИЕ

## во 2021 година

**АПРИЛ,2021 год.**

# ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА НА ПРВОТО ТРОМЕСЕЧИЕ

# во 2021 год. на ЈКП КОМУНАЛЕЦ ПРИЛЕП

По добиеното известување од Локална самоуправа Прилеп за ограничен временски период за доставување на материјали до Совет на Општина Прилеп најдоцна до 15.04.2021година, ЈКП Комуналец Прилеп направи пресек со пристигнатите фактури до 09.04.2021година. Во првото тромесечие од 2021г. ЈКП Комуналец Прилеп финансиски покажува **добивка од 3.065.774,50** денари по основ на спротивставување на приходите и расходите според сметководствените финансиски податоци за период од 01,01,2021год. до 31,03,2021год.

## А. Приходи

Вкупните фактурирани приходи за ова тромесечие изнесуваат **51.637.777,50 денари**, од кои најголем дел 50.523.998,50 ден.односно околу 98%, се приходи од услуги на домашен пазар, а само 2% се приходи од кирии и камати. Од вкупните приходи остварени во првиот квартал во 2021г. , најголем процент од 56% зема секторот за подигање и селектирање на отпад, секторот за одржување на ЈПП е 33% од вкупниот приход, а додека приходите од секторот за одржување на гробиштата се со процент од околу 9%, останатиот дел на приходи се приходи од камати, кирии и останати финансиски приходи.

### Споредба на приходите

Вкупните приходи по синтетика за 1-от квартал од 2021г.споредени со вкупните приходи од 1-от квартал од 2020г.прикажани се во следната табела бр.1:

Табела бр.1 : Приходи споредени 1 квартал од 2021 со 1квартал од 2020-синтетика

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| **конто** | **Опис На приход** | **Прв квартал 2021** | **Прв квартал 2020** | **Разлика 3-4** | **Разлика 5 во %** |
| 740 | Приходи од услуги | 50.523.998,50 | 46.654.077,50 | 3.869.921,00 | 8,3 |
| 747 | Приходи од кирии | 564.000,00 | 381.000,00 | 183.000,00 | 48,0 |
| 774 | Приходи од камати | 528.571,00 | 369.509,00 | 159.062,00 | 43,0 |
| 779 | Останати приходи | 21.208,00 | 4.360,00 | 16.848,00 | |
| **7** | **Вкупно приходи** | **51.637.777,50** | **47.408.946,50** | **4.228.831,00** | **8,9** |

Од прикажаните податоци во аналитика во доставените материјали,позначајна разлика во приходите се согледува во следните ставки:

-синтетичко конто 740-22- приходи од хартија , зголемено продадено количество на хартија;

-синтетичко конто 740-37- Приходи од ЈПП паркови по ситуации према локалната самоуправа на Прилеп;

-синтетичко конто 747-1 Приходи од кирии од Терминал поради стопирано фактурирање према Терминал по основ на закупи со одлука на Управен одбор за месец март 2020г.;

**Како краен резултат ,приходите од двата први квартали од 2021г. и 2020г. се разликуваат за 8,9% или 4.228.831,00 ден.**

График бр.1 според табела бр.1




.

**Б.Трошоци**

Вкупните трошоци за првото тромесечие од 2021г. изнесуваат **48.572.003,00**денари,од кои :

*70% односно 33.843.340,00 ден. за бруто платата исплатена на 372 вработени во ЈКП Комуналец Прилеп, во моментов нема вработени преку Агенција за привремени вработувања;

*4% односно 1.942.784,00 ден. за потрошена енергија ;

*2% односно 821.333,00 ден.за потрошени суровини, материјали;

*3% или 1.799.323,000 ден. за потрошени резервни делови,отпис на автогуми и извршени услуги за одржување и заштита;

*2% или 1.042.660,00 ден. за услуги;

*5% или 2.198.688,00 ден. за надоместоци за вработените;

*18% за сите други останати трошоци.

**Споредба на трошоците**

Во аналитиката на трошоците во доставените материјали,позначајна разлика се согледуваат ставките прикажани во следната табела бр.2:

Табела бр.2 : Поголеми разлики во трошоците споредени 1 квартал од 2021 со 1 квартал од 2020-аналитика

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Конто** | **Опис на трошок** | **Прв квартал 2021** | **Прв квартал 2020** | **Разлика 3-4** | **Разлика 5 во %** |
| 400-5 | Потр.цименто, песок, гранулат | 240.340,00 | 134.953,00 | 105.387,00 | 78,1 |
| 402-4 | Потрошена нафта | 1.378.949,00 | 1.746.321,00 | -367.372,00 | -21,0 |
| 404-1 | Потр. резер.делови | 376.653,00 | 790.081,50 | -413.428,50 | -52,3 |
| 413-6 | Услуга од раб.рака | 81.743,00 | 300.600,00 | -218.857,50 | -72,8 |
| 419-22 | Плата преку АПВ | 124.999,00 | 6.945.634,00 | -6.820.635,00 | -98,2 |
| 449-35 | Тр.од затв.солид.пог | 640.195,00 | 0,00 | | |
| 455-1 | Вред.усогласување | 3.502.672,00 | 0,00 | | |
| 474-3 | Камати по пресуди | 1.158.696,00 | 0,00 | | |

Објаснување на  податоците во табела бр.2 :

*400-5 Потрошено цименто, песок, гранулат-  во 2021 година има зголемен број на погреби, а и почнат е со изградба паркот во Врбеско маало;

*402-4 Потрошена нафта , намалена во овој квартал поради намалена цена од 46,00 ден. на 37,00 оваа година;

*404-1 Потрошени резервни делови, и 413-6 Услуга од работна рака - недостигнати фактури;

*419-22 Плати на вработени преку Агенција за привремени вработувања се намалени поради превземање на вработените од АПВ во ЈКП Комуналец Прилеп;

*449-35 Трошоци од затворање на солидарен погреб, зголемени се трошоците од зголемената смртност поради светската пандемија;

*455-1- Вредносно усогласување на побарувања од правни и физички лица;

*474-3 Камати по пресуди, исплатени се камати по пресуди по работни спорови од вработените

**Вкупните трошоци од двата  први квартали од 2021г. и 2020г. се разликуваат  за 9,9%  или за 4.389.134,00 ден.**




График бр.2 според табела бр.2

## В. Набавка на основни средства

Во период од 01.01.2021г. до 31.03.2021г. ЈКП Комуналец има набавено возило Кипер Ивеко Тракер во износ од 6.475.500,00 денари без ДДВ, кое треба да биде финансирано од Локална Самоуправа Прилеп.

Во период од 01.01.2021г. до 31.03.2021г. се набавени основни средства со вкупна вредност без ДДВ од **6.546.234,00** денари.

## Г. Побарувања

Табела бр. 3 Побарувањата на парични средства

| | | опис | 2020г. | 2021г. |
|---|---|---|---|---|
| 110 | | Побарув. од поврзани субјекти | **2.300.640,50** | **2.297.546,50** |
| 120 | | Побарув.од купувачи | **114.207.645,00** | **115.250.974,00** |
| | | **Вкупно:110 + 120** | **116.508.285,50** | **117.548.520,00** |

Табела бр.4 Аналитика на конто 120

| | опис | 2020г. | 2021г. |
|---|---|---|---|
| 1200 | Купувачи- правни лица | 22.948.213,00 | 24.071.646,90 |
| 1201 | Купувачи-граѓани | 83.620.088,00 | 75.647.133,00 |
| 1202 | Побарувања од граѓани од гробишта | 402.852,00 | 427.734,50 |
| 1203 | Купувачи дуќани | 1.297.684,00 | 1.407.633,50 |
| 1205 | Извршни побарувања | 1.046.042,00 | 1.046.042,00 |
| 1206 | Спорни побар.гробишта -тужени | 155.032,00 | 155.032,00 |
| 1208 | Спорни побарувања-правни лица | 9.315.971,00 | 9.247.823,50 |
| 1209 | Стечајни побарувања | 2.774.867,00 | 3.247.929,00 |

**Д. Обврски**

Табела бр. 5

| | опис | **Салдо на 31.12.2020г.** | **Салдо на 31.03.2021г.** |
|---|---|---|---|
| 220 | Добавувачи во земјата | **16.345.298,00** | **21.437.523,00** |

График бр. 3 според табела бр.5




Во период од 01,01,2021г. до 31,03,2021г.обврските за редовното ДДВ се плаќаат редовно, а исплатен е вкупен износ од 1.161.814,00ден.во овој квартал,додека долгорочни обврски по основ на одложено плаќање на репрограмирано ДДВ до крајниот рок на исплаќање со 2023 година изнесува 23,740.083,00 денари главен долг., а за данок од добивка во овој квартал од 2021г. исплатен е вкупен износ од 1.244.093,00 ден.

Од обврските према вработените, во овој квартал исплатена е една рата од вкупно 5 новогодишен надомест за 2020г. во износ од 1.364.907,00, остануваат уште 5.459.628,00 за доисплата на овој надомест, исплатени се 342.837,00 денари за јубилејни награди стекнати во 2020година, останати се уште 778.000,00 за доисплата на истите од 2020г., останата е обврската од 2020г. за регрес за годишен одмор, во износ од 4.650.209,00 ден.за кој сеуште не е отпочнато со исплаќање.

ЈКП Комуналец Прилеп има останати неисплатени обврски према вработени за добиени правосилни пресуди за плаќање во износ од 547.173,00 ден., а на овој износ треба да се пресмета и исплати затезна законска камата со денот на исплата. Обврската по основ на данок од доход за исплатените работни спорови во овој квартал изнесува околу 581.083,00 денари.

Од обврските према Локална самоуправа Прилеп за ЈПП , со пресек со 31.03.2021г. останати се уште 4.099.758,00 ден.

ЈКП Комуналец Прилеп е јавно претпријатие кое со 31,03,2021 година има 372 вработени лица , распределени на работни места во 5 сектори во склоп на самото претпријатие и тоа: сектор за подигање и селектирање на отпад, сектор за одржување на јавно прометни површини , сектор за одржување на паркови и зеленило , сектор за одржување на гробиштата и општ сектор.

| | |
|---|---|
| Изработка: | Одобрување: |
| Рак.на Сектор за Финанс.работење | Пом.директор за екон.и правни прашања |
| СнежанаТрумпеска | Снежана Николова |
| Контрола: | Овластен потписник: |
| Советник за внат.ревизија | **Директор:** |
| Венета Јованоска | **Сашо Велески** |

Јавно комунално претпријатие Прилеп со Ц.О. "КОМУНАЛЕЦ"

13.04.2021г.